# ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ЕКСПЕРТИ ЗА ПРАВНА ПОМОШ

Почитувани,

Здружение Национален Ромски Центар (НРЦ) во партнерство со Здружение „СИМБИОЗИС 12“објавува „**Повик за ангажирање на експерти за правна помош**“ повикувајќи ги сите субјекти кои ги исполнуваат условите да поднесат понуди со следниве содржински спецификации:

**1.Општи услови**

1.1. Набавувач на услуги Здружение „Национален ромски центар“ од Куманово, со седиште на ул. Доне Божинов бр. 11/5, Куманово.

1.2. Предмет на барањето: **Прибирање пријави за ангажирање на експерти за правна помош**

1.3.Здружение „Национален ромски центар“ од Куманово во партнерство со Здружение „СИМБИОЗИС 12“ од Куманово го спроведува проектот „Зајакнување на пристапот до бесплатна правна помош за Роми и други ранливи категории на граѓани“ која ја спроведува Министерство за финансии, Сектор за Централно Финансирање и Склучување на Договори, со поддршка на Европската Унија за потребите на проектот јавно го објавува ова барање преку својата интернет адреса: www.nationalromacentrum.org

**Цели на проектот**

Општата цел на проектот е да се подобри пристапот до бесплатна правна помош за Ромите и други социјално ранливи групи во земјата.

Специфична цел на проектот е да се промовира и да се подигне свеста за бесплатна правна помош кај ромската популација и други социјално ранливи групи во 6 општини во земјата (Куманово, Кочани, Кичево, Штип, Прилеп и Крива Паланка).

Целна група на проектот се најмалку 3000 Роми и припадници на ранливите групи (жени, малцинства, социјално исклучените лица, лица со посебни потреби) кои живеат во целните општини; и најмалку 40 граѓански организации.

1.4. Понудувачот со поднесување на оваа понуда се обврзува дека важењето на понудата под пропишаните услови ќе биде до завршување на проектот.

1.5. Понудувачот треба да ги исполни следниве услови:

- Завршено високо образование Правен Факултет со минимум 240 кредити,
- Положен правосуден испит;
- Минимум 3 годишно искуство во работа со ранливи категории на граѓани;
- Познавање на Законот за бесплатна правна помош;

This project is funded by European Union

- Познавање на меѓународни и домашни механизми и правна рамка за заштита на човекови права во сите области на живеење;
- Познавање на Microsoft Office и обезбеден пристап до интернет.

За предност ќе се смета доколку понудувачот достави и
- Регистрација за давање на бесплатна правна помош во Министерство за правда;
- Доказ за претходно работно искуство со граѓански здруженија во областа на пружање на правна помош, застапување и стручна консултација.

**2. Пријава**

Понудувачот треба да достави:

- Работна биографија;
- Писмо за интерес со краток опис кој ќе докаже дека поседува соодветно знаење и искуство за спроведување на активностите предмет на проектот;
- Диплома за завршен Правен факултет (копија);
- Уверение за положен правосуден испит (копија);
- Изјава за минимум 3 години работно искуство со ранливи категории на граѓани;
- понудена цена за ден без ДДВ со вклучени патни трошоци.

За предност ќе се смета доколку понудувачот достави и

- Решение за запишување во регистарот за бесплатна правна помош, издадено од Министерство за правда;
- Доказ за претходно работно искуство со граѓански здруженија во областа на пружање на правна помош, застапување и стручна консултација.

**3. Опис на позиција:** експерт за правна помош

Број на позиции: од (2) две до (6) шест позиции
Времетраење: 20 месеци

Правната помош ќе се состои од:

- Пружање на информации во врска со правната рамка и системот за бесплатна правна помош согласно Закон за бесплатна правна помош при теренски посети на домови на Роми и други ранливи категории на граѓани (жени, етнички малцинства, лица со попреченост, социјално исклучени лица)
- Пружање на информации во врска со евентуални измени на Законот за бесплатна правна помош
- Пружање на бесплатна правна помош во вид на правни совети во насока на решавање на правни прашања имајќи ги во предвид сите законски и подзаконски акти при теренски посети во врска со специфични и конкретни барања на целната група за

предмети од теренските посети и препратени од локални теренски асистенти и проектниот тим
- Помагање и упатување за поднесување на барања за бесплатна правна помош
- Правната помош за потребите на проектот ќе се пружа во следниве градови: Куманово, Крива Паланка, Кичево, Прилеп, Штип и Кочани
- За потребите на проектот ќе соработува со проектниот тим и ќе презвзема дејствија во координација со проектниот тим
- Ќе пополнува месечен извештај и тајм шит на обрасци обезбедени од НРЦ
- Пополнување на прашалник за сите лица кои добиле информации и бесплатна правна помош, нивните потреби и внесување во ексел база на податоци
- И други работи за потребите на проектот.

Здружение „Национален ромски центар" со избраните субјекти ќе склучи договори за соработка.

Селектираните субјекти ќе учествуваат во остварување на следниве резултати:

Најмалку 1.000 Роми и други граѓани во 6-те целни групи да бидат обезбедеби со општи и специфични правни информации, како и информации за реформата на системот.
Резултатот треба да се постигне преку следните активности:
- Планирање на работа при домашните посети;
- Редовни домашни посети;
- Ажурирање на работата од домашните посети (правна анализа, упатување итн.).

Проектниот тим, локалните активисти и волонтери и членовите на правниот тим ќе организираат серија домашни посети на граѓани (Роми и членови на други ранливи групи). Овие состаноци ќе имаат за цел да обезбедат дополнителни информации за корисниците во врска со рамката за бесплатна правна помош, како и општи и специфични правни информации, во согласност со нивните потреби. Корисниците исто така ќе бидат информирани за какви било неодамнешни промени во правната рамка или нејзиното спроведување. Домашни посети ќе бидат организирани во текот на целото времетраење на проектот. Нивната фреквенција ќе се утврди според идентификуваните потреби и бројот на корисници кои бараат помош. Домашните посети ќе бидат испорачани врз основа на месечните планови развиени од страна на проектниот тим. На почетокот на проектот ќе се утврдат тимовите за доставување домашни посети во секоја целна општина. Општ образец за собирање информации за корисниците исто така ќе се развие на почетокот на проектот. Информациите од образецот ќе служат за создавање на општа база на податоци за ажурирање и довршување на случаите.
Правниот тим ќе ги проучува случаите и ќе продолжи со комуникацијата со корисниците преку ажурирање на домашните посети и, кога е можно, состаноци во канцелариите на апликантот и партнерите во проектот. Согласно потребите на корисниците, бесплатната правна помош ќе се обезбедува во форма на правен совет, упатување, помош при подготовка на документација, што е во согласност со постојните правни рамки за бесплатна правна помош. Во случај на промена на правната рамка, услугите обезбедени од правниот тим ќе се прилагодат на реформираната законска рамка.

**4. Критериуми за избор на најповолен понудувач:**

Критериум за избор на најповолен понудувач е квалитетот и личното искуство, цена, на понудувачот согласно бараните критериуми.

Работна биографија – 40 поени

искуство и квалитет – 40 поени

Бруто цена за ден без ДДВ со вклучени патни трошоци– 20 поени

Ве молиме вашите понуди да ги испратите по електронска пошта (e-mail) на следната адреса info@nationalromacentrum.org или лично да ги доставите во архивата на здружение „Национален ромски центар“ на адреса: ул, „Доне Божинов“ бр.11/1 најдоцна до 06.05.2019 година до 16:00 часот.

25.04.2019